# СКЕЕОР 2025
***ТРИНАЕСЕТТА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА***

Автор 1[1], Автор 2[2], Ментор: Ментор[3]
[1] Факултет/Институција, Место
[2] Факултет/Институција, Место
[3] Факултет/Институција, Место

[1] email1@example.com [2] email2@example.com [3] email3@example.com

# УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА НА ТРУДОТ

## КУСА СОДРЖИНА (АПСТРАКТ)

Кусата содржина се состои од еден параграф кој соджи до 300 зборови или помалку. Таа треба да биде јасна и концизна, да ја содржи основната идеја која се разработува во трудот, цел, начини и методи на работа или истражување, очекуван резултат или придобивки.

**Клучни зборови:** *Вообичаено се пишуваат до 5 клучни збора поддредени по азбучен ред и одделени со запирки.*

## 1 ОПШТИ НАПАТСТВИЈА

За пишување на трудот треба да се користи софтверската алатка Microsoft Office Word. Целиот текст на трудот потребно е да се пишува со користење на предефинираните стилови (Styles) во ова упаство (template). Текстот е потребно да остане во маргините дадени на оваа страница (moderate).

Максимална дозволена должина на трудот е 8 (осум) страници А4 формат, вклучувајќи ги и македонскиот и англискиот апстракт. Притоа македонскиот апстракт се пишува прв, а потоа англискиот.

Текстот се пишува користејќи фонт Times New Roman со големина 11 и единично растојание (single space) меѓу редовите. По секој параграф да се остава растојание од 6 точки. Ова е дефинирано во стилот *Тело/Body*, и растојанието автоматски се додава по секој параграф. Да не се оставаат дополнителни празни линии помеѓу параграфите или било каков тип на содржина во трудот!

Целиот текст треба да е во едно-колонски формат и мора да е целосно подреден од двете страни (justified) (Исто така предефинирано во стилот *Тело/Body*).

### 1.1 Тело на трудот

#### 1.1.1 Главен Текст

Кога се пишуваат технички текстови и се прераскажува нешто, генерално се пишува во неопределено лице. Ако кажуваме за работи кои ние сме ги направиле тогаш може да се зборува во прво лице еднина или множина.

Литературата во текстот се цитира со помош на алатката Cross-reference која може да се најде во прозорот Insert. [1] Пред да се искористи оваа алатка референците треба да бидат напишани во соодветниот дел користена литература (на крајот од трудот).

### 1.1.2 Наслови

За пишување на насловите во трудот се користат предефинираните стилови и тоа: *1 Наслов на секција/1 Section Title*, *1.1 Поднаслов/1.1 Subtitle*, *1.1.1 Поднаслов/1.1.1 Subtitle*. Не е потребно нумерирање на секој наслов и поднаслов, истото се прави автоматски.

### 1.1.3 Слики и табели

Сликите и табелите треба да имаат број и објаснување.

**Сликите треба да се централно поставени користејќи ја опцијата *Wrap Text => Top and Bottom*.** Објаснувањето треба јасно да ја прикажува содржината на сликата/табелата, и да биде поставено користејќи десен клик и избор на оцијата *Insert Caption*. За пишување на објаснувањето на сликите/табелите треба да се користи стилот *Опис на слика/Figure caption*, т.е. *Опис на тебела/Table caption*. Секоја слика заедно со нејзиното објаснување треба да се групираат со нивно селектирање и избор на опцијата Group. **Пред и после секоја слика да се остави еден празен ред со стилот *Опис на слика/Figure caption*.**




**Слика SEQ Слика * ARABIC 1. Полубранов насочувач**

**Табелите се поставуваат централно подредени и за нив се користи стилот *Табела/Table*.** Ова се постигнува со избирање на целата табела и избирање на соодветниот стил. Описот на табелите треба да биде поставен централно над соодветната табела користејќи ја оцијата *Insert Caption* и употребувајќи го стилот *Опис на тебела/Table caption*.

**Табела 1. Карактеристики на табели кои може да се полнат**

| | Густина на енергија (Wh/kg) | Број на циклуси на полнење до 80% од капацитетот | Време на полнење (h) | Процент на само празнење за еден месец |
|---|---|---|---|---|
| Nickel Cadmium | 45-80 | 1500 | 1 | 20% |
| Nickel Metal Hydride | 60-120 | 300-500 | 2-4 | 30% |
| Lithium Ion | 110-160 | 300-500 | 2-4 | 10% |
| Lithium Polymer | 100-130 | 300-500 | 2-4 | 10% |
| Lead Acid | 30-50 | 200-300 | 8-16 | 5% |
| Reusable Alkaline | 80 | 50 | 2-3 | 0.3% |

**Пред и после табелата треба да се остави еден празен ред, исто така со стилот *Табела/Table*.**

Секоја слика или табела која е ставена во текстот мора да биде нумерирана и објаснета. Кога во текстот се објаснува некоја слика/табела, јасно се наведува за која слика/табела станува збор. Објаснувањето на сликата или табелата треба да е во параграфот непосредно пред или по сликата/табелата.

### 1.1.4 Равенки

Равенките се пишуваат со стилот *Равенка/Equation*. Равенките се внесуваат со опцијата Insert => Equation (или со користење на екстензијата на Word- MathType). По секоја равенка треба да следи празно место и точка. По точката следи табулатор (се внесува со притискање на копчето Tab на тастатурата), па редниот број на равенката во загради, како што е прикажано во следниве примери:

$$z = \frac{y+x}{a} \ . \qquad (1)$$

$$y = x \cdot a - \sqrt{z} \ . \qquad (2)$$

Сите симболи употребени во равенките треба да се веќе претходно дефинирани или да се објаснат веднаш по равенката. Симболите треба да бидат *накосени (Italic)*, но не и единиците мерки (пр. *T* - температура, но T - единица мерка - тесла).

### 1.1.5 Листи (набројување)

За листи и набројувања се користи стилот *Листа (набројување)/List*:

- Елемент 1
  - Елемент 2
    - Елемент 3
      - Елемент 4

## 2 ЗАКЛУЧОК

Секој труд треба да има заклучок во којшто ќе се даде куса анализа и оценка на резултатите во трудот. Еден заклучок може да ги разгледа главните точки на трудот, но и да не го користи/реплицира апстрактот како заклучок. Заклучокот може да елаборира за важноста на истажувањето во трудот или да предложи начини за понатамошни апликации или дополнителни истражувања.

## 3 БЛАГОДАРНОСТ

Ако постои потреба да изразите благодарност или да потенцирате од кој проект е финансирано истражувањето, направете го тоа на овој начин. Користете една секција за да изразите благодарност дури и да е потребно да изразите благодарнот и до повеќе личности/институции.

## 4 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

На крајот од трудот треба да бидат наведени сите референци во стилот *[1] Референци/[1] References*. Референците треба да бидат наведени по истиот редослед како што се цитирани во текстот, односно првата референца во текстот треба да биде онаа со број [1], втората – [2] итн.

Во продолжение е даден пример како треба да изгледаат референците. Листата автоматски се нумерира.


[1] Име на прв автор, втор автор, трет автор „Наслов на статијата“, Списание, Издавач, Место, датум, стр. 1-10.

[2] Име на прв автор, втор автор, трет автор, „Наслов на книгата“, Издавач, Место, датум.

[3] Име на автор, „Наслов на веб статијата“, HTTP адреса, датум на пристап.

[4] Jean-Pierre Ebert, „Energy-efficient Communication in ad hoc Wireless Local Area Networks“, PhD Dissertation, Fakultät Elektrotechnik und Informatik der Technischen Universität Berlin, 2004.

**ВАЖНО:**

Не вметнувајте никаков текст (вклучувајќи ја и нумерацијата на страниците) во хедерот (Header) и футерот (Footer) во текстот. Редните броеви на страниците ќе бидат автоматски генерирани пред финалното печатење на трудот.

**Трудовите кои не се работени според ова упаство (template) и не ги почитуваат правилата дефинирани во него нема да бидат прифатени и ќе им бидат вратени на авторите со цел соодветно уредување!**